**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

# БАРАЊЕ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА КОМПАНИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТИ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ПРЕДВИДЕНИ СО ЗАКОНОТ ОД ОБЛАСТА НА: БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ (реф.бр.MK/ERCP #1.2.18)

**Проектот за итно справување со КОВИД-19 (ERCP)**
**Кредит Бр:** 9109-MK

**Консултантски услуги – Консултантска компанија**

Оваа покана за изразување на интерес е во согласност со општата објава за набавки на Проектот за итно справување со COVID-19, публикувана во „UN Development Business" во електронска верзија на 05.08.2020 година.

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Меѓународната банка за обнова и развој за потребите за реализација на Проектот за итно справување со COVID-19. Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот бр. MK/ERCP # 1.2.18 што ќе се склучи за ангажирање на компанија за подготовка на документи и спроведување на обуки предвидени со Законот од областа на: Безбедност и здравје при работа, заштита на животната средина и заштита од пожари.

Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: https://mtsp.gov.mk/ercp.nspx

Компанијата треба да ги поседува следниве квалификации:

- Фирмата/консултант мора да ги има следните лиценци:
    - Безбедност и здравје при работа:
        - ✓ Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - проценка на ризик
        - ✓ Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - концепт на изјава за безбедност
        - ✓ Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата
        - ✓ овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - вршење на периодични мерења на физички штетности
    - Во однос на противпожарна заштита да поседува овластување за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати - издадено од дирекција за заштита и спасување

- Компанијата/консултантот треба да има вработено/ангажирано лице со уверение за положен стручен испит за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад - издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање
- Компанијата/консултантот треба да има спроведено најмалку две слични обуки во последните 5 години: најмалку една за безбедност и здравје при работа и најмалку една за гаснење пожари.
- Фирмата/консултант треба да има изведено/подготвено во последните 5 години најмалку: две проценки на ризик на работни позиции, две Изјави за безбедност на работни позиции, две периодични мерења на физички штетности, два планови за итни случаи за заштита и безбедност од природни и други опасности, две проценки на ризик од природни и други опасности, два правилници за безбедност од пожар и експлозија и две програми за безбедност од пожар и експлозија, како и најмалку две Програми за Управување си/или постапување со отпад.
- Искуство во работа со болници или други здравствени установи ќе се смета за предност.

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани компании (консултанти) да изразат интерес за овој ангажман. Заинтересираните компании треба да достават информации со кои ќе прикажат дека имаат потребни квалификации и искуство за вршење на бараните услуги (портфолио на фирмата, описи на слични проекти и др). Кратки биографии од предложен тим на експерти од страна на компаниите нема да бидат предмет на евалуација во оваа фаза за избор на компании на кратката листа.

Консултантските компании можат здружено да аплицираат со цел да ги зголемат своите квалификации. “Здружувањето” може да биде во форма на заедничко вложување (Joint Venture) или во форма на под-договарач. Во случај на заедничко вложување, при воспоставувањето на кратката листа на квалификувани консултанти, квалификациите на сите партнери ќе бидат евалуирани здружено исите партнери од вложувањето заеднички и индивидуално ќе одговараат за извршувањето на договорот, кој ќе биде потпишан од сите партнери назаедничкото вложување. Квалификациите на под-договарачот не се зимаат во предвид. Во апликацијата заинтересираните консултанти јасно треба да го наведат видот на нивното здружување и обврските на партнерите и под-договарачите. Нејасните апликации - изрази на интерес во вид на “во соработка со” и/или “поврзан со” и др. можат да не бидат земени во предвид при воспоставувањето накратката листа. Водејќи се од принципот еден израз на интерес по компанија, консултантските компании можат да изберат дали ќе аплицираат како како под-договарач, како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Ве молиме да имате во предвид дека во иста набавна постапка една компанија може да достави само еден израз на интерес било како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Една компанија не може да биде под-договарач и да настапува индивидуално или како партнер во заедничко вложување во иста набавна постапка. Доколку компанијата настапува како под-договарач на индивидуален консултант или на заедничко вложување, истата може да биде под-договарач на повеќе од еден апликант.

Методот за избор е “Избор базиран на квалификациите на консултантот” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски

услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година", достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со проектот од 08.30 до 16.30 часот, на е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

Изразите на интерес треба да бидат доставени по електронска пошта на следнава адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

**Документите со кои се изразува интерес (на македонски или англиски јазик) мора да бидат доставени најдоцна до 01.09.2022 година.**